**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-125/9**

**Скопје, 14.02.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КУМАНОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Единицата на локална самоуправа Орашац сметка на Органот за 2005 година кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Орашац за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Спасе Поповски – градоначалник на општина Орашац до 13.04.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 22.11.2006 до 24.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 10.1. Неправилна примена на интерни акти

10.1.1. Кај благајничкото работење постапувано е спротивно на Законот за платен промет и одредбите за благајничко работење, и ревизијата ги утврди следниве неправилности:

- Не е донесена Одлука за утврдување на благајнички максимум;
- Со подигнатите средства од благајната располагал само градоначалникот;
- Со ревизијата се констатира дека при плаќање во готово за трошоци по разни основи, за расходи во износ од 63 илјади денари не се приложени фискални сметки со кои би се оправдале настанатите расходи.

Наведените неправилности создаваат можности за нереално искажување на паричните средства во благајната.

10.1.2. Општина Орашац не води книга на основни средства што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ова е од причина што со години наназад, состојбите на набавната вредност и исправката на вредноста на материјалните средства се обезбедуваат од пописните листи. Немањето на доволно податоци доведува до неусогласувања на сметководствената со состојбите утврдени со пописот и до изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници службата за сметководство на општина Куманово, да воведе книга на основните средства, за превземените основни средства од општина Орашац.

### 10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.2.1. Општина Орашац има и располага со нематеријални и материјални средства како што се проекти, улици, патишта, водоводи и слично, кои не се евидентирани во сметководствената евиденција на општината на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради непримена на претходно наведените прописи се јавува нереално искажување на материјалните средства и изворите на истите.

**Препорака:**

Надлежното одделение на општина Куманово да преземе мерки за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните конта за материјалните и нематеријалните

средства и државниот- јавен капитал.

### 10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.3.1. Ставката-Основни плати и надоместоци е преценета во вкупен износ од 52 иљади денари, за кој износ е потценет вишокот на приходи над расходи, а поради:

- повеќе пресметана и исплатена нето плата за месеците јануари – мај 2005 за Градоначалникот во однос на утврдениот износ согласно Законот за исплата на платите и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица на Републиката во износ од 30 иљади денари ,
- исплатени придонеси за социјално осигурување и за персонален данок за горе споменатите плати во износ од 22 иљади денари.

Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што со примена на Законот за територијална организација на ЕЛС на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 55/04), општина Клечовце е населено место на општина Куманово.

### 10.4. Неправилности во искажувањето на билансот на состојба

10.4.1. За проценетите состојби на позициите Материјални средства и Извори на капитални средства секоја во поединечен износ од 360 иљади денари во Билансот на состојба ревизијата не можеше да се увери во реалноста на истите од причина што:

- Не е спроведено Решението на Владата на Република Македонија број 23-257/72 од 08.02.2000 година за пренесување на правото на сопственост по делбениот биланс помеѓу Република Македонија и новоформираните општини;
- На ревизијата не и беа презентирани на увид имотни листи за имотот со кој располага општината;
- Не е извршена проценка на вредноста на имотот со кој раполага општина Орашац и не е евидентиран во сметководствената евиденција.

**Препорака:**

- Општина Куманово да обезбеди имотни листи од надлежниот орган;
- Да се утврди вредност и да се евидентира имотот добиен согласно решението број 23-257/72 од 08.02.2000 година во сметководствената евиденција;
- Потребно е да се изврши обележување (инвентарисување) на основните средства-опремата;

10.4.2. Извршено е потценување на ставките Активни временски разграничувања и Обврски спрема државата и други институции во износ од 16 иљади денари за непресметаниот и неплатен персонален данок од доход по основ на:

- исплата на 78 иљади денари за надомест на советниците за присуство на 3 седници;
- исплатени 9 иљади денари финансиска помош на физичко лице;
- за исплатени 5 иљади денари по основ договор на дело.

**Препорака:**

За исплатата на средства за кои не се предвидени даночните ослободувања согласно член 6 од Законот за персонален данок на доход, задолжително да се пресметува и плаќа персонален данок. Надлежното одделение на општина Куманово да преземе мерки за надминување на оваа неправилност.

### 10.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата

#### 10.5.1. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

10.5.1.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, Ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 19/04, 109/05) и тоа:

- Не е донесен план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи што е спротивно на член 11 од Законот;
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност согласно член 72 од Законот;

Неспроведување на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.2.,10.3. и 10.4. кај сметката на Органот на Општина Орашац, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Орашац на ден 10 јуни 2005 година и резултатот од финансиските активности кој завршуваат со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај сметката на Органот на Општина Орашац, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

13. Општина Орашац има судско извршно решение за наплата на 498 илјади денари од „Еврокар “ Битола за враќање на наведениот износ, а по основ на уплатени средства за набавка на возило, која набавка е откажана. До изготвувањето на овој извештај не е извршена наплата на решението поради тоа што фирмата е во стечај. Побарувањата по овој основ по укинувањето на општина Орашац ги има превземено општина Куманово.

14. Мобилниот телефон кој го користел градоначалникот на Орашац, не е вратен и сеуште го користи. За направените трошоци за кои општина Куманово плаќа фактури, истиот ги подмирува спрема општината.

**Скопје 13.02.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА ОРАШАЦ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | | 0 | 137 |
| Трансфери и донации | 3.1. | 1.401 | 3.457 |
| **Вкупно приходи** | | **1.401** | **3.594** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 365 | 1.017 |
| Стоки и други услуги | 3.2.2. | 410 | 897 |
| Тековни трансфери | 3.2.3. | 11 | 23 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **786** | **1.937** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.3. | 615 | 1.657 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **615** | **1.657** |
| **Вкупно расходи** | | **1.401** | **3.594** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ОРАШАЦ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.1. | 360 | 420 |
| **Вкупно постојани средства** | | **360** | **420** |
| **Вкупна актива** | | **360** | **420** |
| **Вонбилансна актива** | 4.2. | **498** | |
| **Пасива** | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.3.1. | 360 | 420 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **360** | **420** |
| **Вкупна пасива** | | **360** | **420** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.4. | **498** | |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба на ден 01 Јануари 2005** | **420** | **-** | **420** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | **-** |
| Ревалоризација на  капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **60** | **-** | **60** |
| Отпис на капитални средства | | - | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | **60** | | **60** |
| **Состојба на ден 31. Декември 2005** | **360** | **-** | **360** |